Архивски број: 08 – 680/6
Датум: 16-12-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 680/1 од 28.10.2024 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] против градоначалникот на Општина Пехчево – Александар Китански, за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување од страна на градоначалникот на Општина Пехчево – Александар Китански кон [redacted] во областа на работата и работните односи.

## Образложение

На ден 28.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна на [redacted] против градоначалникот на Општина Пехчево – Александар Китански за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Имено, подносителката на претставката најпрвин наведува дека е вработена во Општинска јавна установа детска градинка [redacted] на градинката. Понатаму, подносителката наведува дека за нејзината работа како професионалец, секогаш било запознаено министерството, локалната самоуправа и јавноста. Таа наведува дека секогаш работела во интерес на институцијата, целосно ја реализирала Годишната програма и секогаш го известувала основачот на градинката (Општина Пехчево и градоначалникот) со извештај за сите тековни работи. Дополнително, подносителката наведува дека заедно со вработените ја вовела градинката во „eTwinning" и Еразмус + програмата во 2019 година. Во продолжение појаснува дека во тек биле два проекти од големо значење за градинката. Во однос на инспекциските надзори во градинката, се наведува дека до денот на поднесувањето на претставката не било пронајдено никакво прекршување или непочитување на закон. Имено, подносителката наведува дека целосно биле почитувани релевантните закони, правилници и протоколи. Во 2022 година таа била единствената кадидатка која ги исполнувала условите од Огласот за вработување на директор на градинката. Од

причина што таа не била назначена како директорка од страна на градоначалникот, тоа го направило Министерството за образование. Подносителката тврди дека подолг период била изложена на притисок од страна на посочениот како дискриминатор, со изјави како *„Ти си поставена од други, треба да си дадеш оставка“* и *„Нема да си директор на детската градинка“*. Дополнително, подносителката наведува дека градоначалникот почнал често да ѝ се јавува на телефон.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 31.10.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката со бр. 08-680/2 до подносителката Васка Симовска, од причина што претставката не ги содржеше основните елементи како податоци за подносителката, податоци за лицето против кого се поднесува преставката и околностите и фатите врз кои се темели претставката.

На ден 7.11.2024 година до Комисијата беше доставен поднесок за доуредување на претставката со бр. 08-680/3. Подносителката тврди дека добивала интензивни повици и притисоци од страна на градоначалникот да поднесе оставка. Дополнително, таа наведува дека посочениот како дискриминатор ги спречувал извршувањата на тековните работи. Како пример, подносителката ја наведува ревизијата на финансиите во ОЈУДГ „7 Септември“ Пехчево, која траела во периодот од август до септември: „Имавме ревизија на во ОЈУДГ „7 Септември“ Пехчево од август до септември од основачот, а тоа е Општина Пехчево. За истата имаме согласност потпишана од градоначалникот и ревизијата треба да биде завршена до почетокот на октомври...“ Првичниот извештај со насоки за коригирање на работењето бил доставен на 27.9.2024 година. Одговор на извештајот бил доставен до Општината на 30.9.2024 година. Подносителката наведува дека заклучно со 4.11.2024 година сè уште не бил донесен конечен извештај од страна на општината, односно градоначалникот. Подносителката тврди дека тоа е должност на основачот на детската градинка, односно Општина Пехчево и градоначалникот – Александар Китански.

<u>Во прилог на доуредувањето беа доставени следните докази:</u>

1. Известување за вршење на Ревизија на работењето на Детската градинка ОЈУДГ „7-ми Септември“ со бр. 09-797/2 од 6.8.2024 година;
2. Овластување за вршење на Ревизија на работењето на Детската градинка ОЈУДГ „7-ми Септември“ со бр. 03-293/1 од 6.8.2024 година и
3. Предната страница на претходниот извештај за ревизија на успешноста во работењето на ОЈУДГ „7-ми Септември“ со бр. 03/293/4 од 27.9.2024 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 19.11.2024 година испрати Барање за произнесување по претставката со бр. 08-680/4 до градоначалникот на Општина Пехчево – Александар Китански.

На ден 28.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на градоначалникот на Општина Пехчево, заведен под бр. 08-680/5. Посочениот како дискриминатор наведува дека со подносителката имал само професионален контакт околу редовното работење на градинката. Тој тврди дека во ниту еден момент ѝ се немал јавено на подносителката со цел да ѝ врши притисок, ниту се однесувал дискриминаторски кон подносителката или пак ѝ вршел некаков мобинг. Како градоначалник, тој единствено ги застапувал интересите на општината и правилното и законитото функционирање на институциите кои спаѓаат под надлежност на општината. Во однос на Извештајот за ревизија, посочениот како дискриминатор потенцира дека извештаите ги изготвува меѓуопштинскиот ревизор, поточно во конкретниот случај – Внатрешниот ревизор на обука во Одделението за внатрешна ревизија во Општина Делчево, а не Општина Пехчево. Тој наведува дека во моментот кога ќе бил доставен конечниот извештај до Општината, истиот ќе бил доставен и до градинката.

Во конкретниот случај, подносителката не успеа да стори веројатно дека посочениот како дискриминатор извршил дискриминација врз неа, со конкретни дејствија. Ниту докажа дека со конкретни дејствија во негова надлежност, ја третирал поинаку подносителката поради нејзиното политичко уверување. Дополнително, за да се квалификува како дискриминација, неопходно е да постои споредбена состојба – компаратор, кој треба да докаже дека подносителката била третирана понеповолно поради нејзиното политичко уверување, во однос на друго лице во слична ситуација, кое се наоѓа во идентични или слични околности, и кое не е изложено на истиот дискриминаторски третман, токму поради политичкото уверувње. Во таа насока, подносителката не достави конкретни докази кои го поткрепуваат нејзиното тврдење. Доколку подносителката докажела дека постои поврзаност помеѓу нејзиното политичко уверување и конкретна повреда сторена од страна на градоначалникот, ќе била создадена претпоставка за дискриминација. Во спротивно, при така констатирана состојба произлегува дека во случајот не може да стане збор за дискриминација, како повреда на одредено право врз основа на заштитна карактеристика. Оттука се заклучува дека во случајот не се исполнети елементите од дефиницијата за дискриминација.

**Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дефинира дискриминацијата како:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително*

*и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

**Директната дискриминација е дефинирана во член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:**

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во обчаста на работата и работните односи, врз основа на политичко уверување од страна на градоначалникот на Општина Пехчево –Александар Китански кон подносителката [redacted]

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Градоначалник на Општина Пехчево – Александар Китански, ул. „Равен" бр.8, 2326 Пехчево
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk